# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1965.**

Врз основа на член 45 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.42/01, 73/02, 78/02, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), претседателот на Република Северна Македонија, донесе

## У Р Е Д Б А ЗА УНИФОРМИТЕ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат униформите на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата), како и начинот и условите за нивното носење.

### 1. ЗНАЧЕЊЕ НА УНИФОРМИТЕ, НАЧИН И УСЛОВИ НА НОСЕЊЕ НА УНИФОРМИТЕ

Член 2

Униформите се надворешно обележје за припадност на Армијата кои имаат идентитетска и заштитна функција и се дел од елементите на еднообразноста и воената дисциплина.

Член 3

Униформата на Армијата ја носат припадниците на Армијата: активниот воен персонал (офицери, подофицери и професионални војници), лицата на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери, питомците на Воената академија, слушателите на стручното оспособување за пилоти и граѓаните на доброволно служење на воениот рок.

Припадниците на резервниот состав на Армијата ја носат униформата кога се повикани на воена служба.

По исклучок, униформите на Армијата може да ги носат и припадниците на цивилниот персонал на служба во Армијата, кога извршуваат специфични задачи поврзани со борбената готовност на Армијата или кога се упатени во мировни или хуманитарни операции надвор од територијата на Република Северна Македонија.

Член 4

Припадниците на Армијата носат униформи за време на служба во Армијата кога се:

- поставени на должност, односно распоредени во Генералштабот, командите и единиците на Армијата или поставени во Министерството за одбрана;
- упатени на школување и усовршување;
- испратени во мировни и хуманитарни операции или други активности во странство;
- испратени на работа во меѓународни команди и организации;
- испратени на должности одбранбени и воени аташеи или на друга воено-дипломатска должност;
- на службени патувања во врска со службата;
- на служба во други јавни правни субјекти.

Питомците, странските државјани за време на нивното школување на Воената академијата и слушателите на стручното оспособување за пилоти, носат униформи во согласност со договорот за школување.

Член 5

Припадниците на Армијата немаат обврска да носат униформи на Армијата во следните прилики:

- вон работно време;
- во средства за јавен превоз за време на службени патувања;
- кога службата е ставена во мирување.

Граѓаните на доброволно служење на воениот рок и питомците не се должни да носат униформа за време на одобрени отсуства од единиците.

На припадниците на резервниот состав им е забрането да носат униформа ако не се повикани на служба во Армијата.

Член 6

Униформите се носат прописно обележани и закопчани.

Припадниците на Армијата кога носат униформа, не држат раце во џебови, освен за краткотрајно оставање или земање предмети од џебовите.

Воените лица се должни униформите да ги одржуваат чисти и уредни.

Член 7

Пензионираните припадници на Армијата во свечени пригоди и за време на државни и воени празници, имаат право да ја носат униформата којашто ја носеле пред пензионирање, согласно одредбите на оваа Уредба.

Член 8

Офицерите и подофицерите во свечени пригоди и на настани од општествениот и културен живот во Република Северна Македонија, може да носат соодветни униформи, согласно одредбите на оваа Уредба.

Член 9

Носење на одредени видови на униформи за посебни прилики, се утврдува со правила за односи во службата или наредби, кои ги донесува началникот на Генералштабот на Армијата.

Носењето на униформата при вршење на секојдневни работни обврски, во однос на видот на униформата, го регулира командантот на гарнизон со своја наредба.

Член 10

Припадниците на Армијата кога носат униформа и се наоѓаат на отворен простор, секогаш носат соодветен вид на капа, пропишана за соодветен вид униформа.

По исклучок, при носење на униформи, капа не се носи:

- на точно утврден отворен простор во касарни и воени локации (зона без капа) што го регулира командантот на гарнизон со своја наредба;
- на оддалеченост помала од 50 метри од летала во погон;
- кога би пречело на безбедноста за управување или ракување со воени возила, уреди и опрема;
- на свечени приеми и други општествени настани во затворен простор.

Во затворен простор, кога припадниците на Армијата извршуваат службени задачи со лично вооружување или на церемонијални активности кога е наредено, носат соодветна капа.

Член 11

Забрането е носење на поединечни делови од униформите во комбинација со цивилна облека, како и комбинирање на делови од различни видови на униформи.

Член 12

Униформата треба да одговара на основните антропометриски карактеристики на припадникот кој ја носи.

Кога не може да се задолжи униформа којашто одговара на основните антропометриски карактеристики, дозволено е да се направат минимални преправки, со кои не се менува значително оригиналниот облик на униформата. По исклучок, доколку со минимални преправки не може да се постигне прилагодување на униформата, се нарачува изработка на нестандардни делови од униформата или обувки.

Забрането е своеволно значително видливо менување на изгледот, големината, кројот и составот на униформата. Отстапување од одредбите на оваа Уредба, во поглед на кројот, обликот, обележувањето и носењето на униформата, претставува повреда на воената дисциплина.

Покрај личната одговорност на воеpopulated лице, одговорност носи и претпоставениот старешина на лицето кое не се придржува кон одредбите на оваа Уредба.

Одговорност во однос на претходниот став носи и секој кој е постар, ако не укажал на неправилноста на помладиот.

Член 13

Сите видови униформи се изработуваат за мажи и за жени, а можат да се изработат униформи за бремени припаднички на Армијата.

Член 14

Припадниците на Армијата, со одобрување на началникот на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија или од него овластено лице, можат привремено да носат нестандардни делови од униформи, со цел пробно носење и тестирање, во постапка за опремување со нови униформи или делови од униформа.

Член 15

Припадниците на Армијата кога се во униформа, можат да носат комерцијални заштитни шлемови при управување со велосипед, мотор или возила за кои е пропишано задолжително носење заштитен шлем или кога вршат други дејства за кои е со закон пропишано носење заштитни шлемови. Припадниците на Армијата се должни да ги симнат заштитните шлемови веднаш по завршувањето со возење или друго дејство и ќе носат пропишана капа.

По наредба, припадниците на Армијата на униформата можат да носат и означувачки и рефлектирачки предмети, кога тоа е соодветно или потребно за заштита, зависно од местото и условите за работа и престој.

Член 16

На униформите се поставуваат: ознака за знаме на Република Северна Македонија (во натамошниот текст ознака за државно знаме), ознака за единствениот знак за припадност на Армијата, ознака - штит на Армијата, ознаки за генерали, ознаки за чиновите, ознаки за родови и служби, ознаки на команди и единици на Армијата, ознаки за први и главни подофицери, ознаки за завршени школи, обука, усовршувања и вештини, ознаки за одликувања, медали и значки, ознаки за учество во операции, за работа во меѓународни команди и организации, согласно одредбите на оваа Уредба.

Член 17

Униформата која не е соодветно означена согласно одредбите на оваа Уредба, не се смета за униформа на припадниците на Армијата.

Член 18

Под поимот офицери се подразбираат и генералите, освен доколку во текстот на оваа Уредба не се посебно споменати.

II. ВИДОВИ НА УНИФОРМИ

Член 19

Припадниците на Армијата за време на служба во Армијата, ги носат следните видови на униформи:

- воено-теренска, односно борбена униформа, во основна и универзална шара – (БУ);
- службена униформа – (СЛУ)
- свечена униформа – (СВУ)
- униформи на единицата за почести и
- специјални униформи.

По исклучок, а заради извршување на специфични задачи, припадниците на Армијата можат да носат и други видови на униформа, заштитна, работна и специјална облека, согласно „Упатството за обезбедување на квалитет и контрола на производите од униформите и ознаките на Армијата на Република Северна Македонија" и „Критериумите за следување на материјални средства во Армијата на Република Северна Македонија" и други наредби, кои ги донесува началникот на Генералштабот на Армијата.

1. БОРБЕНА УНИФОРМА

Член 20

Борбената униформа (во натамошниот текст: БУ) во основна шара ја носат: активниот воен персонал, лица на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери, питомците на Воената академија, слушателите на стручно оспособување за пилоти и граѓаните на доброволно служење на воениот рок.

Припадниците на резервниот состав на Армијата ја носат БУ во основна шара кога се повикани на служба во Армијата.

По исклучок, БУ во основна шара може да ја носат и припадниците на цивилниот персонал на служба во Армијата, кога извршуваат специфични задачи поврзани со борбената готовност на Армијата или кога се упатени во мировни или хуманитарни операции надвор од територијата на Република Северна Македонија.

БУ во универзална шара ја носат активниот воен персонал, резервниот персонал и цивилните лица на служба во Армијата, кога се упатени во одредени мировни или хуманитарни операции надвор од територијата на Република Северна Македонија.

Во зависност од географскиот простор на извршување на операцијата, наведените лица од претходниот став, наместо со БУ во универзална шара, можат да бидат упатени и со БУ во основна шара.

Член 21

Припадниците на Армијата за време на служба во единици заклучно со ранг полк-бригада, ја носат БУ во основна шара, секојдневно. Во повисоките команди, БУ во основна шара се носи за време на обука, на вежби, на активности во теренски услови, при контрола на потчинетите команди и единици, како и во кризна и воена состојба.

Член 22

БУ во основна и универзална шара се состои од: капа (баретка, капа со стреа, шешир), палто, панталони, маица со кратки ракави, ветровка, палто и панталони од композитен материјал, подоблека/трико-горен и долен дел, пододело/полар-горен дел, ремен за панталони, зимска капа, зимски ракавици, колан, навлака за шлем, чорапи летни и зимски, чизми летни и зимски, модуларен ранец или транспортна вреќа, шаторско крило-наметка, марама, летни ракавици, параден подофицерски колан, параден офицерски колан и параден генералски колан.

Дополнителната опрема на комплетот на БУ ја дефинира началникот на Генералштабот на Армијата, со „Критериумите за следување на материјални средства во Армијата на Република Северна Македонија".

Член 23

Припадниците на Армијата при извршување на секојдневни работни задачи со БУ во основна или универзална шара носат баретка, а за време на обука и вежби можат да носат капа со стреа или шешир.

Член 24

Баретката се носи накосена на десната страна.

Капата со стреа и шеширот се носат така што работ на истите, лежи на најголемиот обем на главата.

Палтото како надворешен дел од униформата се носи над маицата со кратки ракави и над панталоните. При изведување на одредени активности, може да се носи и вовлечено во панталоните. При високи температури, може да се носи со ракави уредно свиткани над лактите.

Панталоните се носат со ногавиците над чизмите затегнати со врвки за затегнување или вовлечени во чизмите. Начинот на носење на панталоните го регулира командирот или командантот на единицата, односно раководител на организацијата.

Маицата со кратки ракави задолжително се носи под палтото.

Ветровката се носи како надворешен дел од униформата во зимскиот период, со качулка свиткана во крагна и со кренатa и затворена крагна.

Палтото и панталоните од композитен материјал се носат над палтото и панталоните, кога временските услови тоа го наложуваат.

Подоблека-трико се носи под палтото и панталони, во преоден и зимски период.

Пододелото/полар се носи над маицата, а под палтото. Пододелото/полар може да се носи и како надворешен дел од униформата над маицата со кратки ракави или над подоблеката-трико, во теренски услови, освен за време на обука и постројувања.

Ременот за панталони се носи на панталоните, под палтото.

Зимска капа се носи во зимски период, при ниски температури. Начинот и условите на носење на зимската капа го регулира командирот или командантот на единицата, односно раководителот на организацијата.

Зимски ракавици се носат во зимски период.

Коланот се носи над палтото за време на постројувања и смотри, како и за време на обука и вежби. Доколку персоналот носи тактички елек, во тој случај не носи колан. Кога се носи палтото во панталони, коланот се користи како ремен за панталони.

Навлаката за шлем секогаш е навлечена на шлемот, освен доколку типот на шлемот не предвидува носење на навлака.

Марамата и летните ракавици се носат на свечени постројувања во денови на воени и државни празници и во други ситуации согласно „Правилото за воен протоколот на Армијата на Република Северна Македонија“ и други наредби донесени од началникот на Генералштабот на Армијата. Марамата е врзана околу вратот, со краевите под палтото.

Парадниот подофицерски, офицерски и генералски колан се носи над палтото или над ветровката во зимскиот период, на свечени постројувања во денови на воени и државни празници и во други ситуации согласно „Правилото за воен протоколот на Армијата на Република Северна Македонија“ донесено од началникот на Генералштабот на Армијата.

Член 25

На соодветен дел од баретката се поставува единствен знак за припадност на Армијата, односно ознака која го содржи единствениот знак за припадност на Армијата.

На соодветен дел од капата со стреа и шеширот е вшиена платнена леплива лента, за поставување на единствениот знак за припадност на Армијата, односно ознака која го содржи единствениот знак за припадност на Армијата.

На баретката, капата со стреа и шеширот за генерали, се поставува ознака за генерали.

На левиот ракав на палтото, ветровката, пододелото/полар и поло маицата поставена е платнена леплива лента за поставување на апликација на државното знаме. Истата е изработена во пригушена, односно прикриена изведба (во натамошниот текст: „subdued“ изведба).

На десниот ракав на палтото, ветровката, пододелото/полар и поло маица поставена е платнена леплива лента за поставување на ознаката за единица во ранг на самостојна чета-баталјон-полк-бригада, односно повисока команда. Ознаките се изработени во „subdued“ изведба.

На палтото, ветровката и пододелото/полар над десниот горен џеб, поставена е платнена леплива лента за поставување на ознаката за презиме на припадникот. Ознаката е изработена во „subdued“ изведба. При упатување во мировни и хуманитарни операции, во меѓународни команди и организации, се поставува ознака со латинично писмо.

На палтото, ветровката, пододелото/полар и поло маица, на средина на предната страна, во висина на градите, поставена е леплива лента за поставување на ознаката за чинот. На јазичето на палтото од композитен материјал на средината од градите, се навлекува навлака со ознака за чинот. Ознаките за чиновите и навлаките со ознака за чиновите, се изработени во „subdued“ изведба.

На палтото, над десниот џеб, односно над ознаката за презимето, се поставуваат ознаки за воени вештини, завршени курсеви, специјалности и други усовршувања и обука, стекнати во државата или во странство.

За време на свечени постројувања во денови на воени и државни празници и во други свечени прилики, професионалните војници, над левиот горен џеб на палтото, според редоследот на важноста од лево кон десно гледано кон носителот, ги носат добиените ордени, одликувања и значки.

На јаките од палтото се носат ознаки за прв и главен подофицер. Ознаките се изработени во „subdued“ изведба.

Изгледот, дизајнот, димензиите и техничките спецификации на сите делови на БУ во основна и универзална шара, како и изгледот, дизајнот, димензиите, техничките спецификации и прецизната поставеност на сите ознаки за БУ, ги дефинира началникот на Генералштабот на Армијата, со „Упатството за обезбедување на квалитет и контрола на производите од униформите и ознаките во Армијата на Република Северна Македонија“.

Времето на траење на деловите од БУ, ги определува министерот за одбрана, со „Правилник за времето на траење на униформите и нивните делови, на воениот персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија“.

2. СЛУЖБЕНА УНИФОРМА

Член 26

Службената униформа (во натамошниот текст: СЛУ) ја носат генералите, офицерите, подофицерите, питомците на Воената академија, како и лицата на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери.

При вршење на служба во Генералштабот на Армијата и неговите првопотчинетите команди, како и во Министерството за одбрана, СЛУ се носи секојдневно.

Питомците на Воената академија и лицата на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери, СЛУ ја носат на воени свечености, за време на државни и воени празници.

Член 27

СЛУ се состои од: шапка за мажи и жени, баретка, палто, панталони, кошула со кратки ракави, кошула со долги ракави, џемпер со нараменици со „V“ отвор, јакна, капут, шал, зимски ракавици, летни ракавици, вратоврска за мажи, штипка за вратоврска за мажи, вратоврска за жени, шнола за вратоврска за жени, ремен за панталони, триплетен гајтан со висоци, параден подофицерски колан, параден офицерски колан, пара-

ден генералски колан, чорапи, чевли за мажи, а за жените дополнително се состои и од: здолниште, хулахопки, чевли, чизми и чанта.

Член 28

СЛУ се носи во две варијанти на класи: класа Б и класа А.

Член 29

Во класа „Б“, СЛУ се состои од: баретка, панталони, кошула со кратки ракави, кошула со долги ракави, вратоврска за мажи, штипка за вратоврска за мажи, вратоврска за жени, шнола за вратоврска за жени, џемпер со нараменици со „V“ отвор, јакна, ремен за панталони, чорапи и чевли, а за жени се состои дополнително од: здолниште, хулахопки, чевли и чизми.

СЛУ во класа „Б“ се носи во секојдневно работење во командите на Армијата и Министерството за одбрана.

Член 30

Во класа „А“, СЛУ се состои од: шапка за мажи и жени, палто, панталони, кошула со долги ракави, вратоврска за мажи, штипка за вратоврска за мажи, вратоврска за жени, шнола за вратоврска за жени, капут, шал, зимски ракавици, летни ракавици, ремен за панталони, триплетен гајтан со висоци, параден подофицерски колан, параден офицерски колан, параден генералски колан, чорапи и чевли за мажи, а за жени се состои дополнително и од: здолниште, хулахопки, чевли, чизми и чанта.

СЛУ во класа „А“ се носи при официјални состаноци и средби и други ситуации, во кои офицерите и подофицерите е потребно да бидат во поофицијална облека, отколку е тоа во СЛУ во класа „Б“.

Член 31

Баретката се носи накосена на десна страна, а шапката за мажи и жени се носи така што работ лежи на најголемиот обем на главата.

Палтото се носи како надворешен дел, закопчано, над кошула со долги ракави, со вратоврска за мажи и жени, со штипка за вратоврска за мажи, односно шнола за вратоврска за жени. Палтото се носи како внатрешен дел под капутот.

Панталоните се носат така што, долниот дел од ременот е над колковите, а ногавиците се до долниот дел од скочниот зглоб.

Кошулата со кратки ракави се носи како надворешен дел, вовлечена во панталони или здолниште. Кошулата со кратки ракави се носи како внатрешен дел, под јакната.

Кошулата со долги ракави се носи како надворешен дел, со вратоврска за мажи и жени и штипка за вратоврска за мажи и шнола за вратоврска за жени, вовлечена во панталони или здолниште. Кошулата со долги ракави се носи како внатрешен дел, под џемперот со нараменици со „V“ отвор, под јакната или под палто.

Џемперот со нараменици со „V“ отвор се носи како надворешен дел, над кошулата со долги ракави, со вратоврска за мажи и жени, штипка за вратоврска за мажи, односно шнола за вратоврска за жени. Џемперот со нараменици со „V“ отвор се носи како внатрешен дел, под јакната.

Јакната се носи како надворешен дел, закопчана над кошула со кратки ракави или над кошула со долги ракави со вратоврска за мажи и жени, со штипка за вратоврска за мажи и шнола за вратоврска за жени и над џемпер со нараменици со „V“ отвор.

Капутот се носи закопчан над палтото.

Шалот се носи завиткан околу вратот, вкрстен од предната страна, со краевите под капутот.

Зимските ракавици се носат кога се носи капутот.

Летните ракавиците се носат со СЛУ во класа „А“, согласно „Правилото за воен протокол на Армијата на Република Северна Македонија“ донесено од Началникот на Генералштабот на Армијата.

Вратоврската за мажи се носи со кошула со долги ракави. Вратоврската се врзува на начин „Windsor“ и се носи така што врвот на долниот агол да допира до ременот на панталоните. Штипката за вратоврска за мажи се носи на средината од вратоврската, во висина на горниот раб на џебовите на кошулата.

Вратоврската за жени се носи со кошулата со долги ракави, под крагните, вкрстена на предната средина од крагните. Шнолата се носи закачена на вратоврската.

Триплетен гајтан со висоци носи аѓутантот на претседателот и врховен командант на Армијата, како и одбранбените и воени аташеи. Гајтанот се закачува на десната нараменица од една страна и на копчето од палтото, на другата страна.

Парадниот подофицерски, офицерски и генералски колан се носат со СЛУ во класа „А“ за време на свечени постројувања во денови на воени и државни празници и во други свечени прилики согласно „Правилото за воен протокол на Армијата на Република Северна Македонија“ и други наредби донесени од началникот на Генералштабот на Армијата.

Здолништето се носи така што, долниот дел на струкот на здолништето е над колковите, а должината е до средина на колената.

Член 32

На средината од предниот дел на шапката за мажи и жени, над штитникот за сонце, се поставува ознака за единствениот знак за припадност на Армијата.

На средината од предниот дел на шапката (машка и женска) за генералите, над штитникот за сонце се поставува ознаката за генерали.

На баретката, на предвиденото место, се поставува ознаката за единствениот знак за припадност на Армијата, односно ознаката која го содржи единствениот знак за припадност на Армијата. На баретката на генералите се поставува ознаката за генералите.

На нараменициte од кошулата со кратки ракави, кошулата со долги ракави, џемперот со нараменици со „V“ отвор, јакната и капутот, се поставуваат навлаки со ознака за чинови.

На нарамениците од палтото, јакната, и капутот на генералите, ознаките за чиновите на генерали се извезени директно на нарамениците.

На долните јаки од реверите од палтото, се поставуваат ознаки за родовите и службите.

На горните јаки од реверите од палтото, се поставуваат ознаки за прв подофицер и главен подофицер.

На горните јаки од реверите од палтото и капутот на генералите, се поставуваат ознаки за генерали.

На левиот ракав од надворешната страна на кошулата со кратки и долги ракави, џемперот со нарамениции со „V“ отвор, јакната и палтото се поставува ознаката за државното знаме.

На десниот ракав од надворешната страна на ракавот на кошулата со кратки и долги ракави, џемперот со нарамениции со „V“ отвор, јакната и палтото, се поставува ознака - штит на Армијата.

Над десниот џеб на кошулата со кратки и долги ракави и над десниот горен џеб од палтото, се поставува ознака со презиме на припадникот.

На патната на десниот горен џеб на палтото се поставуваат ознаките за учеството во мировни или хуманитарни операции, како и за учество во меѓународни команди и организации.

Над десниот горен џеб од палтото, над ознаката со презиме, се поставуваат ознаки за воени вештини, специјалности и завршени курсеви, обука и усовршувања, стекнати во државата или во странство.

На средината на десниот џеб на кошулата со кратки и долги ракави и десниот горен џеб од палтото, закачено на копчето од џебот, се поставува ознака за единицата во ранг на самостојна чета-баталјон-полк-бригада, односно повисока команда.

Над левиот џеб од палтото, се поставуваат минијатурни ленти на добиените ордени, одликувања, плакети и значки, според редоследот на важноста од лево кон десно гледано, кон носителот. Минијатурните ленти се поставуваат на шини. За време на државни и воени празници, над левиот горен џеб од палтото, може да се постават и целосни ордени, одликувања и значки.

На средината на левиот џеб од кошулата со кратки и долги ракави и левиот горен џеб од палтото, закачено на копчето од џебот, се поставува ознака за највисока завршена воена школа.

Изгледот, димензиите и техничките спецификации на деловите од СЛУ, како и изгледот, димензиите, техничките спецификации на сите ознаки и нивна прецизна поставеност на СЛУ, ги дефинира началникот на Генералштабот на Армијата со „Упатство за обезбедување на квалитет и контрола на производите од униформите и ознаките во Армијата на Република Северна Македонија“.

Времето на траење на деловите од СЛУ, ги определува министерот за одбрана, со „Правилник за времето на траење на униформите и нивните делови, на воениот персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија“.

## 3. СВЕЧЕНА УНИФОРМА

### Член 33

Свечената униформа (во натамошниот текст: СВУ) ја носат генералите, офицерите со чин полковник и потполковник, како и подофицерите со чин главен наредник, поставени на должност главен подофицер во баталјон и повисоко.

### Член 34

Припадниците на Армијата од претходниот член, СВУ ја носат: на свечени приеми, во денови на државни и воени празници, при пречек и испраќање на високи воени и државни делегации, на свечени настани, прослави, балови и слично.

### Член 35

СВУ се состои од: шапка, палто, панталони, капут, кошула со долги ракави, вратоврска, штипка за вратоврска, чорапи, чевли за мажи, ремен за панталони, летни ракавици, триплетен гајтан со височи за аѓутантот на претседателот и врховен командант на Армијата, како и за одбранбените и воени аташеи, параден подофицерски колан, параден офицерски колан и параден генералски колан. Покрај овие делови, СВУ за жени се состои и од: здолниште, чевли и хулахопки.

### Член 36

Деловите на СВУ се носат на ист начин и се обележуваат на ист начин, како и деловите на СЛУ во класа „А“.

### Член 37

Изгледот, димензиите и техничките спецификации на деловите на СВУ, како и изгледот, димензиите, техничките спеификации на сите ознаки и нивна прецизна поставеност на СВУ, ги дефинира началникот на Генералштабот на Армијата со „Упатство за обезбедување на квалитет и контрола на производите од униформите и ознаките во Армијата на Република Северна Македонија“.

Времето на траење на деловите од СВУ, ги определува министерот за одбрана, со „Правилник за времето на траење на униформите и нивните делови, на воениот персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија“.

## 4. УНИФОРМИ НА ЕДИНИЦАТА ЗА ПОЧЕСТИ

### Член 38

Униформите на единицата за почести се:
- гардиска униформа;
- униформа на воениот оркестар.

Униформите на единицата за почести се носат при давање на почести на домашни и странски државни и воени раководители, во време на државни и воени празници и на сите други свечености и активности, предвидени со „Правилото за воен протокол во Армијата“, донесено од началникот на Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија.

4.1. Гардиска униформа

Член 39

Гардиската униформа се состои од: гардиска капа (зимска и летна), гардиско палто, гардиски панталони, гардиска кошула, триплетен гајтан со висоци, гардиска наметка (зимска и летна), гардиска марама, гардиски колан со тока, ракавици, ремен за панталони, чорапи и гардиски чизми.

Член 40

Гардиската капа се носи така што работ лежи на најголемиот обем на главата.

Гардиското палто се носи како надворешен дел, над кошулата. Гардиското палто може да се носи како внатрешен дел, под гардиската наметка.

Гардиските панталони се носат вовлечени во гардиските чизми.

Гардиската кошула се носи закопчана, под палтото.

Триплетниот гајтан со висоци се закачува на десната нараменица од една страна и на копчето од палтото, на другата страна.

Гардиската наметка се носи над гардиското палто. Истата на левиот дел се закопчува под брадата, додека десниот дел се закопчува на десното рамо. Зимската наметка се префрлува преку двете нараменици.

Гардиската марама се носи врзана околу вратот, со краевите под палтото.

Гардискиот колан со тока се носи закопчан над палтото.

Ракавиците се носат секогаш кога се носи гардиската униформа.

Член 41

Гардиската капа претставува стилизиран качкет. На двете бочни страни на капата се наоѓаат еполети на кои се поставуваат ознаки за единствениот знак за припадност на Армијата.

На јаките на еполетите на гардиското палто се поставуваат ознаки за офицери, подофицери и војници. Краевите на јаките се обрабени со златна лента. На аглите на јаките се поставени ромбови во различни бои, за офицери се во златна боја, за подофицери во сребрена боја, а за војници во црвена боја.

На левиот ракав на надворешна страна на палтото, се поставува ознака за државното знаме.

На десниот ракав на надворешна страна на палтото, се поставува ознака-штитот на Армијата

Гардиската наметка претставува стилизирана наметка-гуња. На гардиската наметка поставена е копча со две токи, кои претставуваат стилизиран македонски штит на која се прикачени висоци со плетен гајтан. На левата страна на гардиската наметка во висина на градите е поставена ознака за државното знаме, а на десната страна е поставена ознака - штит на Армијата.

На токата на гардискиот колан е поставена ознака за единствениот знак за припадност на Армијата.

4.2. Униформа на воениот оркестар

Член 42

Униформата на воениот оркестар се состои од: шапка, палто, паталони, кошула, вратоврска, капут, ракавици, ремен, триплетен гајтан со висоци, свечен ремен со тока, чорапи и чевли, а за жени и здолиште, хулахопки, чевли.

Член 43

Шапката се носи така што работ лежи на најголемиот обем на главата.

Палтото се носи како надворешен дел, закопчано над кошулата. Како внатрешен дел, палтото се носи под капутот.

Панталоните се носат така што, долниот дел од ременот е над колковите, а ногавиците се до долниот дел од скочниот зглоб.

Кошулата се носи како внатрешен дел, вовлечена во панталони, односно здолниште, со вратоврска.

Вратоврската се врзува на начин „Windsor“ и се носи така што врвот на долниот агол да допира до ременот на панталоните.

Капутот се носи закопчан над палтото.

Триплетен гајтан со висоци носи диригентот на воениот оркестар.

Свечениот ремен со тока се носи над капутот, во висина на струкот.

Здолништето се носи така што, долниот дел на струкот на здолништето е над колковите, а должината е до средина на колената.

Член 44

На соодветен дел од шапката се поставува единствениот знак за припадност на Армијата.

На левиот ракав од надворешната страна на палтото и капутот, се поставува ознака за државното знаме.

На десниот ракав од надворешната страна на палтото и капутот, се поставува ознака за единствениот знак за припадност на Армијата.

На нараменициte од палтото и капутот, се поставуваат еполети за офицери, подофицери и професионални војници.

На долниот дел од ракавите од палтото и капутот, се поставуваат ознаки за офицери, подофицери и професионални војници.

На долните јаки од реверите на палтото, се поставуваат ознаки за музичка служба.

Триплетниот гајтанот со висоци се закачува на десната нараменица од една страна и на копчето од палтото, на другата страна.

На токата од свечениот ремен е аплицирана ознака за единствениот знак за припадност на Армијата.

Член 45

Изгледот, димензиите и техничките спецификации на деловите од гардиската униформа и униформата на воениот оркестар, како и изгледот, димензиите, техничките спецификации на сите ознаки и нивна прециз-

на поставеност на истите, ги дефинира началникот на Генералштабот на Армијата со „Упатство за обезбедување на квалитет и контрола на производите од униформите и ознаките во Армијата на Република Северна Македонија“.

Времето на траење на деловите од гардиската униформа и униформата на воениот оркестар, ги определува министерот за одбрана со „Правилник за времето на траење на униформите и нивните делови, на воениот персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија“.

5. СПЕЦИЈАЛНИ УНИФОРМИ

Член 46

Специјалните униформи ги користат припадниците на единицата за специјални операции, извидувачките единици, воената полиција, снајперисти, алпинисти, послуги на борбени возила, екипажи на воздухоплови, послуги на тенкови, оклопни и специјални возила, падобранци, деминери, персонал од АБХО единици, санитетски персонал, езерски персонал и други специјалности во Армијата, во зависност од природата и карактерот на задачите кои ги извршуваат.

Специјалните униформи се обележуваат на ист начин и со исти ознаки како и БУ.

Видовите на специјалните униформи и нивните комплети се дефинирани со „Критериумите за следување на материјални средства во Армијата на Република Северна Македонија“ донесено од началникот на Генералштабот на Армијата.

Времето на траење на деловите од специјалните униформи, ги определува Министерот за одбрана со „Правилник за времето на траење на униформите и нивните делови, на воениот персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија“.

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 47

Униформите кои припадниците на Армијата ги носат согласно „Уредбата за единствениот знак за припадност на Армијата на Република Македонија, униформата, ознаките за чиновите, ознаките за родовите и службите, ознаките за единиците како и начинот и условите за нивното носење“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/16) и „Уредбата за униформита на Армијата на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 241/18), ќе се заменат во рок од 3 години од денот на влегувањето во сила на оваа Уредба.

Член 48

По влегувањето во сила на оваа уредба, престануваат да важат „Уредбата за единствениот знак за припадност на Армијата на Република Македонија, униформата, ознаките за чиновите, ознаките за родовите и службите, ознаките за единиците како и начинот и условите за нивното носење“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/16) и „Уредбата за униформита на Армијата на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 241/18).

Член 49

Оваа Уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 06-460/2 | Претседател на Република |
| 3 јули 2019 година | Северна Македонија, |
| Скопје | **Стево Пендаровски,** с.р. |

___

**1966.**

Врз основа на член 45 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/01, 73/02, 78/02, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), претседателот на Република Северна Македонија, донесе